## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До:**

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16. 11. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5664 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 10 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

### Член 75 став 1 од Изборниот законик

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Примерокот за анализата на известувањето во дневно-информативните емисии на ТВ Нова го сочинуваат десет изданија на Обсервер на Нова во 19 часот емитувани меѓу 1 и 10 ноември 2016 година. И

овојпат кон извештајот е приклучен табеларен приказ на информирањето во другите две поголеми дневно - информативни изданија од ударното време (во 17 и во 22 часот) со цел да се обезбеди поцелосен увид во балансот во известувањето од аспект на застапеност и времетраењето на прилозите за политичките партии и субјекти во Обсервер во 19 часот, наспроти другите две емисии.

Анализираните прилози создаваат примерок со вкупно траење од 5 часа 17 минути и 38 секунди, од кој информативните жанрови (извештаи, изјави, интервјуа, вести) сочинуваат 4 часа 43 минути и 3 секунди, а аналитичките (коментари и поджанрот осврт) – 34 минути и 35 секунди.

Во Обсервер на Нова во 19 часот има две интервјуа во живо - на 7 ноември, за време на јавување во живо од Њујорк репортерката на ТВ Нова случајно го среќава директорот на ТИРЗ Виктор Мизо, и реализира интервју со него (7 минути и 37 секунди) за странските инвестиции, владините мерки за привлекување на странските инвестиции, гласањето во САД и дали ќе се промени политиката на САД кон Македонија. Притоа, Мизо посочува дека до нив има автобус произведен од Ван Хул, една од фабриките кои се странски инвестиции во Македонија; на 10 ноември, по повод апсењето на две лица под сомнение за тероризам, се разговара во живо со универзитетскиот професор Златко Кесковски, експерт по безбедносни прашања (7 минути и 22 секунди).

***<u>Табела 1 – Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

| ТВ НОВА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Влада на РМ | 01:00:42 | 21,44 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:38:59 | 13,77 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:30:06 | 10,63 % |
| Други субјекти | 00:33:52 | 11,96 % |
| СДСМ | 00:28:50 | 10,19 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:36 | 1,27 % |
| Судство | 00:04:41 | 1,65 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:23:01 | 8,13 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:05:49 | 2,05 % |
| Експерти/аналитичари | 00:17:21 | 6,13 % |
| Граѓански сектор | 00:09:42 | 3,43 % |
| Локална самоуправа | 00:02:30 | 0,88 % |
| Специјално обвинителство | 00:04:34 | 1,61 % |
| Македонска алијанса | 00:01:31 | 0,54 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:46 | 0,62 % |
| ДИК и други органи | 00:03:07 | 1,10 % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:04:44 | 1,67 % |
| Обединети демократски сили на Ромите | 00:01:48 | 0,64 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:02:24 | 0,85 % |
| Шарена револуција | 00:02:00 | 0,71 % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:02:00 | 0,71 % |
| | **Вкупно : 04:43:03** | **100 %** |

Најчесто како субјекти во овие вести се појавуваат претставниците на Владата, преку редовните активности, но и преку прилози со позитивен контекст за Владата, какви што се на пример: на 1 ноември, прилогот означен со телопите „Во Скопје ќе бидат обезбедени нови 1.318 медицински апарати, вредни 13.5 милиони евра", „Вкупно 3700 апарати за секој град во државата, за над 100 болници", „Докторите задоволни

од најавата за набавка на нова медицинска опрема“ (3 минути и 1 секунда); на 5 ноември „Странските инвеститори ја намалуваат стапката на невработеност“ (4 минути и 24 секунди).

Следуваат амбасадорите, странските политичари и меѓународните институции и организации (тогаш кога нивните активности се однесуваат на Македонија).

Наредна по застапеност е разновидната категорија *„други субјекти“*: Агенцијата за супервизија на осигурувањето, НБРМ, ССК, ученикот Зоран, Весна Стојановска – Богоева – професорка, „Дневник“, Фабрика Леар, Обединета македонска дијаспора, Каролина Ристова Астеруд, Мирјана Најчевска, Сашо Тасевски, МОБ, „3д продукција“, „Локо Транс“, „Република“ и др.

При известувањето за политичките партии акцентот е ставен на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, при што се известува за нивните активности и за одгласи од активностите (опишано подолу). Од другите партии, информации има и за ДУИ, ПЦЕР, ГРОМ, ДОМ, Обединети демократски сили на Ромите и Македонска алијанса.

Што се однесува до можноста субјектите, со позначајно времетраење, да бидат директно слушнати од гледачите на ТВ Нова, таква можност најмногу добиле претставниците на Владата, на органите на државната управа/јавните претпријатија, на ВМРО ДПМНЕ и експертите и аналитичарите (Табела 2).

***Табела 2 – Директни обраќања на субјектите***

| ТВ НОВА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:10:08 | 11,20 % |
| Влада на РМ | 00:21:54 | 24,21 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:12:08 | 13,41 % |
| Други субјекти | 00:09:18 | 10,28 % |
| СДСМ | 00:07:26 | 8,22 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:44 | 0,81 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:32 | 1,70 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:07 | 1,23 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:55 | 5,44 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:12:23 | 13,69 % |
| Локална самоуправа | 00:00:53 | 0,98 % |
| ДИК и други органи | 00:00:42 | 0,77 % |
| Шарена револуција | 00:00:09 | 0,17 % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:08 | 0,15 % |
| Граѓански сектор | 00:01:45 | 1,93 % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:02:50 | 3,13 % |
| Обединети демократски сили на Ромите | 00:00:42 | 0,77 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:43 | 1,90 % |
| | **Вкупно: 01:30:27** | **100 %** |

Различниот тон и рамка (позитивен, негативен и неутрален) за субјектите се појавува во прилози организирани во некој од аналитичките жанрови, но и во информативните жанрови.

На 1 ноември, со позитивна рамка за Владата и за ВМРО ДПМНЕ, ТВ Нова се осврнува на ветувањето за инвестиции во нова медицинска опрема, дадено претходниот ден од претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, во извештајот означен со телопите „Во Скопје ќе бидат обезбедени нови 1.318

медицински апарати, вредни 13.5 милиони евра", „Вкупно 3700 апарати за секој град во државата, за над 100 болници", „Докторите задоволни од најавата за набавка на нова медицинска опрема" (3 минути и 1 секунда), во кој зборуваат министерот за здравство Никола Тодоров, и проф. д-р Александар Чапаровски – директор на Клиниката за неврохирургија, д-р Виктор Камиловски - хирург на Клиниката за хируршки болести „Св. Наум", д-р Аспазија Софијанова - директорка на Клиника за детски болести и Тања Баевска Вучковиќ - директор на Здравствен дом - Скопје. По ова следуваат уште два извештаи во кои се поврзуваат досегашни и актуелни инвестиции, со нови. Првиот е означен со телоп „Вкупно 3700 апарати за секој град во државата, за над 100 болници" (2 минути и 26 секунди) во кој говори Василе Најдовски – директорот на битолската болница, а во вториот „Охридската болница ќе добие апарати вредни 705 илјади евра" (3 минути и 46 секунди) зборува директорот на ЈЗУ Општа болница Охрид Љубен Арнаудов. Темата се завршува со прилогот СДСМ: Тодоров ги излажа граѓаните" (51 секунда).

На 2 ноември во освртот „Аналитичари: Очигледна е сличноста во ветувањата на Заев и Ахмети" (5 минути и 55 секунди) уште еднаш се преразгледува темата за настојувањето на СДСМ да освои дел од гласовите на Албанците во Македонија (претходниот ден има извештај, во траење од 2 минути и 43 секунди, за изјавите на Артан Груби и на Зоран Заев, означен со телопите: „Заев не сака да ги коментира изјавите на Ахмети" и „Груби: Нека стави Заев двојазична табла во Струмица, па да му веруваме"). Во новиот осврт се емитуваат ставовите на политичкиот аналитичар Александар Пандов (СДСМ се свесни дека ќе ги изгубат изборите и затоа сакаат да ја оставаат Македонија во што поголема политичка криза и актуелизираат теми кои ги разгоруваат етничките тензии; потсетување на изјави на Заев за виткање на кичмата и промена на името на земјата, предлогот за ротирачки премиер: Македонец, па Албанец; идејата за двојазичност на територијата на Македонија ќе биде кукавичко јајце со кое ќе треба да се справува идната влада; понудите му се неосновани, наспроти радикалните на ДУИ) по што се емитуваат изјавите на Али Ахмети дека Заев не треба да ги бара гласовите на Албанците и изјавата на Зоран Заев, од интервјуто дадено пред неколку месеци за Нова ТВ, дека очекува најмногу гласови на Албанците за СДСМ.

Следува освртот „Што планира Заев со администрацијата?" (4 минути и 8 секунди), каде се разгледува обраќањето на Зоран Заев до вработените во администрацијата, претходниот ден, дека нема да се бркаат луѓе од работа, во светло на изјавата дадена пред неколку години на партиски настан во Валандово за тоа дека ќе се прави темелна чистка („живи луѓе ќе јадеме") со цел да им се отворат работни места за кадар од СДСМ. На крајот се вели дека „според дел од пишувањата на медиумите, техничките министри на СДСМ во Владата ги партизираат своите ресори. За Фросина Ременски пишуваат дека оставила без работа 44 лица, а Оливер Спасовски неодамна, спротивно на законот и системот за кариера во МВР разместил 17 актуелни старешини во единицата Алфи, а на нивно место донел 36 партиски кадри со двојни решенија".

Подоцна во вестите има нов осврт „Докторите согласни: Со опремување на болниците низ Македонија, ќе се спасат многу животи" (3 минути и 14 секунди) во кој за ветувањата за набавка на нова опрема во здравството говорат Љубен Арнаудов - директор на ЈЗУ Општа болница Охрид, Василе Најдовски – директорот на битолската болница, Андон Чибишев, Оливер Зафировски, директор на Болница Козле, д-р Јасмина Чабуковска, директорка на Хируршка болница „Св. Наум Охридски". Притоа, за ветувањето за 3700 медицински апарати, дадено од претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски се вели дека е нов проект на Владата.

На 3 ноември, се емитува прилог базиран врз ексклузивното интервју за ТВ Нова на дополнителниот заменик-министер за труд и социјална политика Диме Спасов, во врска со сообраќајниот инцидент, илустрирано и со снимки од камери за набљудување до кои дошла Телевизијата. Означен е со телопите „Ексклузивно интервју на Спасов за ТВ Нова", „Спасов: Преку криминално полициска местенка сакаа да се нанесе штета врз мојот углед", „Спасов: Беше применета сила и бев турнат над возилото, вперија пиштол во мене" (6 минути и 43 секунди). По овој, се емитува прилог од прес-конференција на техничкиот министер за внатрешни работи „Оливер Спасовски: Три прекршочни пријави за Диме Спасов" (2 минути и 18 секунди) во

кој се наведува дека министерот не се осврнал на пријавата поднесена од Диме Спасов туку кажал дека ќе бидат поднесени три прекршочни пријави против него.

На 4 ноември, на инцидентот со дополнителниот заменик-министер Диме Спасов, е посветен сегмент од вестите во вкупно траење од 8 минути и 55 секунди. Сегментот се состои од извештај означен со телопите „ВМРО ДПМНЕ: Полицијата раководена од Спасовски се стави во функција на кампањата на СДСМ", "Данев: Заев наметнува политика која се базира на насилства и подметнувања", „Спасовски: Се проверуваат наводите за злоупотреби". Во него се пренесуваат ставовите на ВМРО ДПМНЕ (преку изјавите на Драган Данев) и на МВР (изјава од прес-конференција на портпаролот на МВР – Тони Ангеловски), а потоа има дел од интервју со аналитичарот Никола Србов, означено со телопите „Србов: Видовме полициско криминална конструкција од структурите на МВР како во најцрните времиња" и „Ова е класична злоупотреба на Министерството кое треба да биде гарант за безбедноста на државата" во кое тој изнесува негативен став за СДСМ и вели дека ова е „брутална полициска криминална полициска местенка", прашува дали СДСМ има партиска полиција, од која еден дел е во МВР под директна контрола на министерот Спасовски, прашува кои други личности се на мета на оваа „т.н." партиска полиција на СДСМ", дали овие структури ќе прават инциденти на денот на гласањето, како и дека СДСМ води црна кампања и оти од вербална црна кампања се преминало на физички напад, а министерот лажел.

На 5 ноември, Обсервер почнува со коментарот „Дневник: Катица Јанева извадила членска на СДСМ?" (1 минута и 58 секунди) каде се пренесува написот од Дневник дека весникот дошол до членска книшка од СДСМ со исто име и презиме и датум на раѓање, а дека ниту обвинителката ниту партијата не излегле со став пред да биде затворен бројот во кој била објавена информацијата. Во коментарот се вели „вака изгледа членската на Јанева која е извадена уште во 2004 година" и „ова не е првпат Јанева и СЈО да се поврзуваат со најголемата опозициска партија", при што се потсетува и на вработувањето на Борче Трајковски, експерти, поранешни судии и професори „на кои се трошат илјадници евра од државниот буџет", на случаите на непотизам при вработувањето роднини на обвинител(к)ите, на Катерина Рамбабова, чија мајка била на кандидатска листа на избори за пратеници, а татко бил судија за кого излегла афера дека има книшка од СДСМ. Во последната реченица се вели оти од СДСМ официјално се огласиле дека Јанева ниту била, ниту е член на СДСМ.

За темата за случајот со дополнителниот заменик-министер Диме Спасов, на 6 ноември, се информира преку сегмент кој трае 8 минути и 16 секунди, со телопи „ВМРО-ДПМНЕ: Спасовски да поднесе оставка – криел дека Диме Спасов бил нападнат". Најпрвин се емитува изјавата од прес-конференцијата на Влатко Ѓорчев од ВМРО ДПМНЕ со барање за оставка од министерот Оливер Спасовски, по што се пренесуваат реакциите на прес-конференцијата од СДСМ и од МВР, по што следува изјавата на Илија Димовски од ВМРО-ДПМНЕ дека дел од полициските службеници се поврзани со структури со криминални досиеја. Се потсетува дека МВР на Спасов му поднесе три прекршочни пријави, дека Спасов во интервјуто за ТВ Нова изјавил оти станува збор за полициско-криминална местенка, бил бркан од вооружени лица, а Полицијата не презела ништо да го заштити од напаѓачите, по што се наведува дека работата на министерот Оливер Спасовски е тема на некои колумни кои беа објавени дента во правец дека станува збор за криминално-полициска, политичка местенка, дека станува збор за инсцениран настан, дека полициски структури се поврзани со криминални структури, а оти сето ова е последица на тоа што има две обвинителства, две министерства за внатрешни работи, додека спротивните ставови се дека се прави сè за да се изврти вистината и да се заштити дополнителниот заменик-министер Спасов.

Подолу во вестите се емитува освртот со позитивна рамка за Владата „Странските инвеститори ја намалуваат стапката на невработеност" (4 минути и 24 секунди) во која се повторуваат податоците за вработени во странските инвеститори, добиени од НБРМ, и изјавата на претставникот од фабриката Леар и на министерот Веле Самак дадени некој ден претходно при свеченото отворање на погонот.

Следува освртот „Мицотакис како премиер ќе го подобрува рејтингот на Грција на „Дуинг Бизнис" по примерот со Македонија" (2 минути и 30 секунди) во кој се прави споредба на рангирањето на Македонија со тоа на Грција на „Дуинг Бизнис".

Наредниот прилог е уште еден осврт „Лекарите го поздравија проектот за обнова и реконструкција на болниците“ со позитивна рамка за ВМРО ДПМНЕ и Владата, во кој се навраќаат на новите мерки ветени во здравството претходниот ден, преку пренесување на позитивните ставови на д-р Бисерка Јовковска – Ќаева - директорка на Клиниката за пулмологија, д-р Биљана Теофилова – директорка на Клиниката за кардиохирургија, д-р Живко Миленкович - директор на клиниката за инфективни болести и д-р Василие Најдовски – директор на болницата во Битола.

На 6 ноември известувањето од Конгресот на СДСМ е комбинација од јавување во живо и снимени прилози со негативна рамка за партијата. Првиот извештај „Врие во СДСМ - оставки од партиски функционери“ (3 минути и 56 секунди) е најавен вака: „Несогласување во опозициските редови, листите за пратеници ги раскараа социјалдемократите, почнаа да летаат и оставки“. Вториот прилог е коментар со два телопи „Листите ги скараа сопартијците“ и „Поддржувачите на опозицијата разочарани од кандидатските листи“ (3 минути и 37 секунди) каде се вели дека поддржувачите на СДСМ со доза на потсмев ги дочекале листите, како и дека новинари кои жестоко ја бранеле опозицијата јавно го искажале своето чудење и незадоволство, по што се наведуваат ставовите на Јадранска Костова, Борјан Јовановски, Светлана Јовановска, ставовите на професорките Билјана Ванковска и Мирјана Најчевска. Потоа се говори за незадоволството во СДСМ, односно за оставката на Софија Куновска поради тоа што Лилјана Поповска се нашла на листа.

Обсервер во 19 часот од 7 ноември започнува со коментаторски извештај „Незадоволство, револт и оставки во СДСМ“ (8 минути и 2 секунди), со негативна рамка за СДСМ, во кој се говори за повлекувањето на Лилјана Поповска од листата и коментарот на Софија Куновска за тој чин (жали што Поповска покажала поголема сензитивност отколку раководството на партијата за граѓанското незадоволство), бил побаран став од Горан Сугаревски и Марјанчо Николовски кои не дале изјави, а Петре Шилегов рекол дека да имало и повеќе места на листите, пак ќе имало незадоволни. Се вели дека се најавуваат уште оставки и дека е очигледен револтот и кај симпатизерите и кај членството, дека очигледно Заев го напуштил концептот од 2014 кога раководството не било на листите (се емитува тогашната изјава на Заев). Се коментира дека за Заев било неприфатливо Гордана Јанкуловска да биде и министерка за внатрешни работи и предводничка на листа, а сега во таква позиција бил поставен Оливер Спасовски (се емитува и таа изјава). Се говори за тоа што на листа се наоѓа Павле Богоевски од „Шарената револуција“, се пренесува соопштение од Студентски пленум за тоа дека Ивана Туфегџиќ не е претставничка на Пленумот на листата на СДСМ, ја има и изјавата на Лилјана Поповска од ДОМ за повлекувањето од листата.

Наредниот прилог е исто така, коментаторски извештај за тоа дека партиски активисти на ВМРО ДПМНЕ се жалат на притисок од СЈО и дека ТВ Нова се обидела да контактира со СЈО за потврда или демант“. Во прилогот се вели „се остваруваат најавите на владејачката ВМРО ДПМНЕ за повикување на членови и високи функционери на партијата да даваат изјави сведочења или искази во Специјалното јавно обвинителство“. Во прилогот има изјави од членови на ВМРО-ДПМНЕ и изјавата на Антонио Милошоски дадена пред некое време на оваа тема. Се наведува дека биле упатени прашања до СЈО, од каде не добиле конкретен одговор и се повикале на тајноста на предистражните постапки, поради што како што велат не можеле да дадат дополнителни податоци.

Подолу во вестите има коментар насловен „Груевски: Заев не може да победи и самиот е свесен за тоа, бидејќи нема што да понуди“ (5 минути и 21 секунда). Во него се зборува за тоа дека со „острите реторики и меѓусебни обвинувања и најави за победи, на две недели пред официјалниот старт на изборната кампања, политичките лидери најавуваат жестока изборна борба“ и се сопоставуваат делови од говорите на Никола Груевски, Зоран Заев и Али Ахмети од партиските настани одржани во текот на викендот.

На 8 ноември се емитува коментаторски извештај означен со телопите „Продолжуваат расправиите во опозицијата“, „Поранешни пратеници на СДСМ одбиваат да дадат глас за листите на Заев“ и „Заев: Нормално е да има дискусија за изборните листи“ (4 минути и 21 секунда) со негативна рамка за СДСМ, во кој се пренесува написот од весникот Дневник за тоа дека Радмила Шеќеринска ги елиминирала Сугаревски и Николов од листата за пратеници, а имињата на листата биле повод за оставката на Софија Куновска. Потоа

се вели „иако листите на опозицијата предизвикаа жестоки реакции во јавноста и меѓу неговите сопартијци, Заев не гледа проблем, убеден е во поволен резултат од изборите и вели дека дел од оние кои изминатиов период се одважиле да застанат против власта можеби ќе бидат дел од извршната власт". Се емитува изјава на Зоран Заев дека борбата била за да се отвори дебатата и дека е убаво што во Македонија конечно се дебатира. По ова, уште еднаш се потсетува на Фејсбук статусите на Каролина Ристова Астеруд, Мирјана Најчевска, Аднан Џаферовски, Сашо Тасевски.

Се емитува и коментаторски извештај „Заев најавува: И ние ќе земеме кредити ако дојдеме на власт" (2 минути и 33 секунди), во кој се емитува изјавата на Заев која гласи: „Не дека во Македонија ќе нема и нови кредити, мора да има, ама тие ќе бидат само за капитални инвестиции и проекти коишто ќе враќаат пари назад во буџетот на Македонија. Тоа е рационалниот пристап", а за која медиумот толкува дека значи оти „на тој начин дел од парите ќе се инвестираат во капитални инвестиции, а дел ќе завршат во државната каса". Се информира и за реакцијата од Министерството за финансии на изјавата на Заев.

На 9 ноември има коментаторски извештај „Самка Ибраимовски најавува излегување од коалицијата на СДСМ" (3 минути и 26 секунди) со негативна рамка за СДСМ. Се вели дека потресите траат трет ден и се поставува прашањето: „Се ситни ли опозициската коалиција? ПЦЕР ќе ја напушти коалицијата доколку не добие добитно пратеничко место на кандидатските листи на СДСМ и коалиционите партнери". Потоа се емитува изјава на Ибраимовски за ТВ Нова дека се незадоволни од листите и чекаат да видат дали ќе има промени или ќе заминат од опозициската коалиција, дека преговараат со Кекеновски, а ќе разговараат и со ВМРО ДПМНЕ. Потоа медиумот говори за тоа дека листите на опозицијата предизвикаа жестоки реакции кај опозицијата и јавноста, и уште еднаш потсетува дека Софија Куновска дала оставка, а Сугаревски и Николов биле разочарани и се преповторуваат Фејсбук статусите на Каролина Ристова-Астеруд, Аднан Џаферовски – член на извршниот одбор на СДСМ, Сашо Тасевски, кој сеословува со „дел од актерската фела". Се прекажува и изјавата на Зоран Заев дека е убаво што во Македонија се развила дебата зашто за тоа и се бореле.

На 10 ноември се емитува коментаторски извештај обележан со три телопи „Заев најави промена на Уставот", „Заев: Употребата на албанскиот јазикот може да биде наша предност, а не слабост", „Заев: Сега му е мајката да ги отвориме овие теми, без разлика на гласовите" (2 минути и 21 секунда). Во најавата за прилогот од студиото се вели: „Додека сме кај албанскиот електорат, Заев не се откажува од намерата за воведување на двојазичност, најавува дури и промена на Уставот." Во прилогот се пренесуваат делови од изјавите на Заев дадени во дебата на ТВ 21 за тоа дека партијата оди со граѓански концепт и оти кога ќе дојде време не се исклучува промена на Уставот; за тоа дека зборува за овие теми пред избори иако може да изгуби гласови на Македонци со став „Ако е грдо лицето на Македонецот, што е важно ќе дојдат и други избори, ќе дојдат и други политичари". Потоа во прилогот се вели дека вакви предлози „пред секои избори обично доаѓаат од партиите од албанскиот политички блок. Сега тоа стигна директно од лидерот на СДСМ. Вети - доколку ги добие овие избори двојазичноста на Македонија ќе ја спроведе на дело. Инаку оваа идеја за многу познавачи е опасна имајќи во предвид дека Албанците се помалце ќе го зборуваат и ќе го учат македонскиот јазик, за со тоа комуникацијата меѓу двете најголеми заедници во земјава дополнително ќе биде отежната".

***Посебни информативни емисии***

*Дебатни емисии*

На 2 ноември, во 20 часот и 30 минути во дебатната емисија *Аргументи* гостуваат Страшо Ангеловски – претседател на МААК и Шпатим Љатифи – универзитетски професор. Тема на дебата е „Балканот помеѓу Русија и САД". Репризи се емитувани на 3 ноември по полноќ, како и во 5 часот и 10 минути и на пладне.

На 3 ноември, во емисијата *Отворено студио* гостува министерката за информатичко општество и администрација Марта Арсовска - Томовска. Интервјуто со министерката е на тема „Администрација по мерка на потребите на граѓаните". Водителката Билјана Василева-Трендафилова на почетокот на емисијата забележува дека оваа емисија требало да биде дебата помеѓу министерката и заменик - министерот Александар Кирацовски кој, за жал, не е присутен во студиото. Неговиот одговор на поканата е прочитан во емисијата. Репризи се емитувани на преминот од 3 кон 4 ноември, следниот ден во 5 часот и 35 минути и во 11 часот и 50 минути.

На 4 ноември, во 20 часот и 30 минути, на тема „Македонија меѓу мултиетничко општество и бинационална држава" во емисијата *Аргументи* дебатираат Драгиша Милетиќ – Српска напредна странка, Ердоган Сарач – Движење за национално единство на Турците и Неждет Мустафа – Обединета партија за еднаквост на Ромите. Репризи од ова издание на *Аргументи* се емитувани по полноќ на 5 ноември, наутро во 6 часот и 45 минути и во 11 часот и 30 минути.

На 5 ноември, во 14 часот и 30 минути, емитувано е *Отворено студио* - колаж од акценти од дебатните емисии од изминатата недела. „Јагма за албански гласови": Артан Груби – ДУИ; „Што се случи со фантомите": Влатко Сајкоски – поранешен член на ДИК; „Администрација по терк на потребите на граѓаните": Марта Арсовска Томовска – министерка за информатичко општество и администрација; „Балканот меѓу Русија и САД": Страшо Ангеловски – МААК, Шпетим Љатифи – универзитетски професор; „Македонија меѓу мултиетничко општество и бинационална држава": Драгиша Милетиќ – Српска народна странка, Ердоган Сарач – Движење за национално единство на Турците, Неждет Мустафа – Обединета партија за еднаквост на Ромите.

Истиот ден, во 18 часот, е прикажана дебатната емисија *Отворено студио-на албански јазик*. Гости во емисијата се аналитичарите Исмет Рамадани, Фадил Лепаја и Насер Зибери, кои дебатираат на тема „Интересот на албанската политика во Република Македонија".

Во 20 часот и 25 минути емитувано е *Отворено студио* на тема „Македонски театар - понуда, квалитет, проблеми и услови". Гости во студиото се Дејан Пројковски – режисер и директор на МНТ, Лилјана Мазова – публицист и театарски критичар и Роберт Вељановски – директор на Драмскиот театар во Скопје. Репризи се емитувани во 23 часот и 17 минути и следниот ден во 7 часот и 19 минути и околу пладне.

На 6 ноември, во 14 часот, емитувана е емисијата *Око* на тема „Здравство и реформи во здравството". На оваа тема дебатираат гостите проф. д-р Сашко Јовев од Клиниката за хирургија и д-р Оливер Зафировски, директор на Болница Козле. Водителот Петревски забележува дека за жал не успеале да дојдат неколку лекари кои биле поканети во емисијата, а се жестоки критичари на состојбата во здравството. Емитувани се две репризи на преминот од 6 кон 7 ноември, како и во 5 часот и 45 минути.

На 7 ноември, во дебатната емисија *Аргументи* на тема „Одговорност на искажаниот збор" гостуваат Јасмина Миронски – новинарка и ПР експерт и политичкиот аналитичар Сотир Костов. Репризи од емисијата се емитувани на преминот од 7 кон 8 ноември и следниот ден во 5 часот и 50 минути и во 11 часот и 30 минути.

На 9 ноември, во 20 часот и 30 минути, емитувано е *Отворено студио* посветено на претседателските избори во САД и изборот на новиот претседател Доналд Трамп. На тема „Американците го избраа Трамп" во студиото гостуваат Иванка Додовска – универзитетска професорка и Алберт Муслиу –

политички аналитичар. Репризи од ова издание се емитувани на преминот од 9 кон 10 ноември, следниот ден во 5 часот и 30 минути и во 11 часот и 30 минути.

На 10 ноември, во дебатната емисија *Аргументи* на тема „Извештајот на ЕК – поттик за периодот по изборите" гостува политичкиот аналитичар Драган Ристовски. Во ова издание на Аргументи емитуван е исечок во траење од половина час од *Отвореното студио* посветено на претседателските избори во САД и извештајот на ЕК, каде гостуваат Ристо Никовски – поранешен амбасадор и Ивица Јосифовиќ - универзитетски професор. Репризата е емитувана во 23 часот и 40 минути истиот ден.

*<u>Интервјуа</u>*

На почетокот од овој десетдневен период, на 1 ноември на полноќ се емитува репризно издание на дебатната емисија *Аргументи* на тема „Јагма за албански гласови". Во емисијата гостува Артан Груби, шеф на кабинетот на ДУИ. Емитувани се уште две репризи во текот на денот, во 5 часот и 15 минути и во 11 часот и 33 минути.

Истиот ден, во редовниот термин за дебатни емисии на ТВ Нова во 20 часот и 30 минути, емитувано е премиерното издание на *Отворено студио* на тема „Што се случи со фантомите". Гостин во емисијата е Влатко Сајковски, поранешен член на ДИК. Репризи се емитувани на преминот од 1 кон 2 ноември и следниот ден во 5 часот и 40 минути и на пладне.

Исто така, на 1 ноември, во 21 часот и 29 минути, емитувано е интервју со претседателот на Собранието Трајко Вељановски. Репризи од ова интервју се емитувани на 2 ноември во 12 часот и 37 минути и на 3 ноември во 13 часот.

Во 21 часот и 47 минути, е емитувано и интервју со универзитетскиот професор Томе Неновски. Интервјуто е реализирано по објавениот извештај „Дуинг бизнис" од Светска банка и високото рангирање на Македонија во него.

На 3 ноември, во 14 часот, е емитувано ексклузивно интервју со дополнителниот заменик - министер за труд и социјална политика Диме Спасов, каде тема се наводите во врска со сообраќајниот инцидент неколку дена претходно, во кој учествуваше тој.

На 5 ноември, во 12 часот и 45 минути, е емитувано интервју со д-р Марин Мрчела – претседател на ГРЕКО групата на држави за борба против корупцијата при Советот на Европа. Интервјуто е репризирано истиот ден во 13 часот и 45 минути, во 19 часот и 45 минути и во 21 часот и 40 минути, како и на 6 ноември во 9 часот и 45 минути, во 10 часот 45 минути, во 12 часот и 45 минути и во 22 часот и 50 минути.

На 7 ноември, во 15 часот и 45 минути, е емитувано кратко интервју со германскиот пратеник од партијата ЦДУ Торстен Фрај. Реприза од интервјуто е емитувана истиот ден во 19 часот и 52 минути.

Истиот ден, во 21 часот и 45 минути, е емитувано интервју со Асен Иванов, бугарски аналитичар, кој дава свое мислење за претседателските избори во Бугарија и резултатите по одржаниот прв круг.

Вечерта во 23 часот во *Бизнис навигатор* гостува заменик - министерот за образование Спиро Ристовски. Поводот за неговото гостување е најавената имплементација на Кембриџ програмата во средните училишта. Реприза од интервјуто е емитувана на 8 ноември во 9 часот и 50 минути.

На 8 ноември, во 7 часот и 48 минути, е емитувано интервју со Виктор Мизо – директор на ТИРЗ. Интервјуто е првично прикажано како директно вклучување во вестите од САД. Репризи од ова интервју се емитувани во 8 часот и 48 минути, во 10 часот и 50 минути и во 12 часот и 46 минути.

На 9 ноември е емитувано интервју во вестите во 20 часот со аналитичарот Никола Србов. Повод за гостувањето на Србов се наводите за закани кои му биле упатени од Иван Бабановски во редакцијата на неделникот Република.

*Други информативни програми*

На 2 ноември во *120 минути со Гоце Михајловски* е реализирано интервју со политичкиот аналитичар Владимир Божиновски. Тема на разговор се парламентарните избори на 11 декември, програмската и кадровската понуда на партиите, СЈО итн.

На 3 ноември, во 12 часот и 19 минути, ТВ Нова директно се вклучува од Свечената академија во организација на Сојузот на стопански комори на Македонија. На настанот се доделуваат признанија за најуспешните македонски компании.

На 4 ноември, во 13 часот и 53 минути, по завршувањето на спортските вести, ТВ Нова имаше директно вклучување на прес-конференцијата на ВМРО-ДПМНЕ, каде што лидерот на партијата – Никола Груевски промовираше нови партиски проекти во областа на здравството.

На 8 ноември, почнувајќи од 20 часот, по сè до 14 часот следниот ден, на ТВ Нова има *Отворено студио* посветено на претседателските избори во САД (со неколку прекини за вести и друга информативна програма). Во рамки на Отвореното студио, емитувани се вклучувања во живо од САД, Брисел и Берлин, анкети со граѓани и дебати во студиото со разни политички аналитичари, новинари и поранешни дипломати. По објавувањето на резултатите од претседателските избори во САД, ТВ Нова емитува и обраќање на амбасадорот на САД Џес Бејли. Телевизијата емитува и директни вклучувања од прес-конференциите на еврокомесарот Јоханес Хан и амбасадорот Самуел Жбогар по повод Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија.

**Член 75-б од Изборниот законик**

Во седмиот извештаен период од 1 до 10 ноември, на ТВ Нова во следниве прилози има поврзување на власта со политички субјект:

***Обсервер на Нова во 19 часот 1.11.2016***

19:12:30 – 19:15:31 „Во Скопје ќе бидат обезбедени нови 1.318 медицински апарати, вредни 13.5 милиони евра", „Вкупно 3700 апарати за секој град во државата, за над 100 болници", „Докторите задоволни од најавата за набавка на нова медицинска опрема" – Никола Тодоров од позиција на министер за здравство, зборува за значењето на набавката на нова опрема, предизборно ветување дадено од претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, со што се поврзува власт и партија. Покрај него, во прилогот говорат и проф. д-р Александар Чапаровски – директор на Клиниката за неврохирургија, д-р Виктор Камиловски - хирург на Клиниката за хируршки болести „Св. Наум", д-р Аспазија Софијанова - директорка на Клиника за детски болести и Тања Баевска Вучковиќ - директор на Здравствен дом - Скопје.

***Обсервер на Нова во 19 часот 2.11.2016***

19.35.43 – 19.38.30 „Тодоров во посета на Општата болница во Кавадарци" - разговор со министерот за здравство Никола Тодоров по повод посетата на болницата во Кавадарци, каде за проектот на ВМРО ДПМНЕ за инвестиција во медицинска опрема во здравството, кој треба да се реализира во следните четири години, се зборува како за проект на Владата.

***Обсервер на Нова во 19 часот 6.11.2016***

19:30:19 – 19:33:07 „Тодоров: Клиниката за кардиохирургија работи подобро од очекуваното" - министерот за здравство Никола Тодоров при посета на Клиниката за кардиохирургија, говори за инвестициите во здравството ветени од ВМРО ДПМНЕ во предизборието со што се поврзува власта со партија.

***Сектор за програмски работи***

**Прилог**

| ТВ Нова – 01 ноември | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Време** | **120 минути со Гоце на Нова во 17 часот** | **Време** | **Обсервер на Нова во 19ч.** | **Време** | **Обсервер на Нова во 22ч.** |
| 17:02:44-17:08:50 | Повторно одложено рочиште за „Пуч“;<br>Јанева жестоко ја нападнала судијката за одложувањето;<br>Основен суд Скопје 1: „Пуч“ досега се одложуваше 10 пати, 9 по вина на СЈО и обвинетите;<br>(Зоран Заев) | 19.02.22-19.05.16 | Министерството за култура ја укина забраната на ЗАМП; | 22:00:36-22:02:23 | Министерството за култура ја укина забраната на ЗАМП; |
| 17:08:50-17:12:27 | Заев не сака да ги коментира изјавите на Ахмети;<br>Груби: Нека стави Заев двојазична табла во Струмица, па да му веруваме;<br>(Зоран Заев, Али Ахмети, Артан Груби) | 19.05.28-19.12.30 | СДСМ: Ќе има ревизија на сите задолжувања;<br>МФ: СДСМ направи половина од долгот на државата, да каже за што;<br>Неновски: Износот на јавниот долг не е ризичен; | 22:02:36-22:05:34 | Во Скопје ќе бидат обезбедени нови 1.318 медицински апарати вредни 13,5 милиони евра; |
| 17:12:27-17:16:51 | Партиите ќе потпишат кодекс за превенција од насилство за време на парламентарните избори;<br>Во тек е увидот во избирачкиот список, отворени дополнителни канцеларии;<br>Пријавени за гласање од дијаспората досега се 4.973 државјани; | 19.12.30–19.15.31 | Телоп: Во Скопје ќе бидат обезбедени нови 1.318 медицински апарати, вредни 13.5 милиони евра; (Н. Тодоров, директори на здравствени установи) | 22:05:34-22:07:33 | Инвестиција од 1 милион евра во болницата во Битола; |
| 17:16:51-17:18:07 | Ременски најави кривични пријави за Спасов и Поповски | 19.15.32-19.17.58 | Телоп: Вкупно 3700 апарати за секој град во државата, за над 100 болници; (В. Најдовски) | 22:07:33-22:10:15 | Охридска болница ќе добие апарати вредни 705 илјади евра |
| 17:18:44-17:25:42 | Министерството за култура ја укина забраната на ЗАМП;<br>Македонската музика се враќа на ТВ и радио; | 19.17.58–19.21.44 | Охридската болница ќе добие апарати вредни 705 илјади евра; | 22:10:15-22:10:55 | СДСМ: Тодоров ги излажа граѓаните |
| 17:26:26-17:33:00 | Ќе има ревизија на сите задолжувања;<br>Неновски: Износот на јавниот долг не е ризичен;<br>МФ: СДСМ направи половина од долгот на државата, да каже за што | 19.21.44–19.22.35 | СДСМ: Тодоров ги излажа граѓаните; | 22:10:55-22:15:02 | СДСМ: Ќе има ревизија на сите задолжувања;<br>Неновски: Износот на јавниот долг не е ризичен;<br>МФ: СДСМ направи половина од долгот на државата, да каже за што |
| 17:33:00- | Исплатени 450.000 евра од | 19.22.35– | Исплатени 450.000 евра од | 22:15:02- | Економскиот раст на Македонија цел на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 17:35:46 | осигурителните компании за лицата од поплавените подрачја; | 19.25.28 | осигурителните компании за лицата од поплавените подрачја; | 22:17:28 | земјите од регионот? |
